Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), член 62, став 1, точка 13 од Статутот на Факултетот за ветеринарана медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година) и Предлог-одлуката на Деканатската управа бр. 0201-1129/8 од 26.8.2021 година, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 14.9.2021 година, го донесе следниов

**ГОДИШЕН ПЛАН**
**за**
**спречување на корупција**
**на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

## ВОВЕД

Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) е единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, основан врз Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), регистриран во Централен регистар на Република Северна Македонија со ЕМБ: 6462642 и ЕДБ: 4043009100046.

Дејноста на Факултетот како институција со јавни овластувања е утврдена со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Одлуката на Владата на РМ за националната класификација на дејностите, Законот за ветеринарното здравство, Законот за безбеденоста на храната, Законот за безбедност на храната за животни, Законот за квалитетот на земјоделските производи, Законот за заштита и благосостојба на животните, Законот за сточарство и други законски и подзаконски акти кои се во согласност со остварувањето на неговата дејност.

Факултетот тежнее кон развој согласно со европските стандарди, по углед на факултетите од државите членки на Европската Унија кои се членки на Европската асоцијација на ветеринарни високообразовни установи (European Association of Establishments for Veterinary Education - EAEVE), која има улога на „акредитациско тело“ кое го контролира и оценува квалитетот на ветеринарните студиски програми во цела Европа. Факултетот е членка на EAEVE од 1996 година и ги применува стандардите пропишани за т.н. „регулирани професии“ и директивите 2005/36/ЕУ и 2013/55/ЕУ.

Целта на Факултетот е континуиран развој со унапредување на наставната, научноистражувачката и применувачката дејност, при што, со воспоставување на систем на контрола на квалитетот, ќе се постигне гаранција за подобрување на резултатите на основните дејности на Факултетот. Сите три главни облици на дејноста (наставната, научноистражувачката и применувачката) треба да бидат во сообразност со европските норми и стандарди, водејќи сметка за сопствените специфичности кои произлегуваат од потребите на ветеринарната професија во Република Северна Македонија.

Една од основните задачи на Факултетот е поттикнување на високообразовната дејност преку обезбедување дополнителни извори за финансирање, како придонес кон градење на конкурентна економија основана на знаење.

Зацртаните цели се имплементираат преку постојани инструменти и мерки за поддршка, како работење на развој на нови мерки за поддршка на развојот на Факултетот преку:

- можности студентите да добијат знаења и вештини засновани на научни истражувања и научни докази со комбинирање на различни методи во студирањето преку развој на креативни способности, подготвување на студентите за професијата доктор по ветеринарна медицина, со научен пристап кон работата, промовирајќи го технолошкиот напредок на ветеринарната професија;

- наставно-научниот кадар да биде обучен, компетентен, професионален и високомотивиран во извршувањето на наставната, научноистражувачката и апликативната дејност;
- промоција и развој на нови научни методи и технологии при вршење на апликативната дејност во насока на подобрување на ветеринарното јавно здравство, здравствената заштита, продукција, репродукција и благосостојба на животните;
- организирање на едукација, трансфер на знаење, развивање и промоција на нови стручно-научни сознанија во ветеринарното здравство во Република Северна Македонија;
- организирање континуирано образование со цел усовршување на ветеринарните практичари во сите сегменти на ветеринарната медицина (доживотно учење);
- научноистражувачка дејност со изработка на истражувачки проекти, докторски теми и трудови од областа на ветеринарната медицина и научноистражувачка дејност со сродни дисциплини, како и поврзување со други високообразовни, научни и стручни, здравствени и производно-прометни установи;
- издавање на учебници и други учебни помагала, публикации, научни и стручни монографии, меѓународно научно списание и сл.;
- примена на современи методи за клиничка и теренска дијагностика на болестите и заболувањата кај животните, односно примена на современи протоколи за превентива, терапија и хоспитализација и болнички третман на животни;
- финансирање, подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на ветеринарната медицина и јавното здравје;
- професионални и други работи во врска со обезбедувањето средства во Факултетот, управување со тие средства и нивно користење;
- соработка со стопански субјекти, установи и здруженија во земјата, како и со наставно-научните установи во странство, поради унапредување на наставната, научноистражувачката и апликативната работа.

**Човечки ресурси**

Органи на Факултетот се: Наставно-научен совет, декан и Деканатска управа.

Факултетот има вкупно 96 вработени лица.

Вработените на Факултетот претставуваат стручно оспособен персонал со висока стручна спрема, чија одговорност, квалификации и критериуми за избор се дефинирани во Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, Статутот на Факултетот и Правилникот за систематизација на работни места.

**Систем за управување со борба против корупција**

Факултетот, со цел спроведување на Годишниот план за спречување на корупција, изработи Политика за спречување на корупција на Факултетот, која е е Прилог 1 од Годишниот план за спречување на корупција.

Во Политиката за спречување на корупција, Факултетот ги дефинираше обврските и должностите со цел спречување на корупција и презема обврска за спроведување на политика на нула толеранција во однос на мито и корупција.

Факултетот дефинираше постапки за работа со трети лица, кои содржат елементи за намалување на ризиците од мито и корупција. Во таа смисла, „трето лице” е секое физичко или правно лице, со кое вработените, ангажираните лица или Факултетот може да дојде во контакт за време на работата и кое вклучува: студенти, постдипломци, волонтери, стажанти, корисници на средства на Факултетот, добавувачи, дистрибутери, деловни

контакти, советници и други владини структури и јавни тела, вклучително и нивни советници, претставници и службени лица, политичари и политички партии. Тие, главно, се однесуваат на активности поврзани со: финансиското работење на Факултетот, вработување, спроведување на јавни набавки, користење на средства од самофинансирачки извори на Факултетот, како и следење на реализацијата на проектите.

Согласно со Политиката за спречување на корупцијата, Факултетот во почетокот на годината воспостави постапки за информирање и градење на свесност кај вработените и ангажираните лица за спречување на корупција. За таа цел, Факултетот изработи Прирачник за сите инволвирани лица во Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за борба против корупцијата (во понатамошниот текст: Прирачник) и ќе донесе Одлука за назначување на одговорно лице за спречување на корупција. Прирачникот е Прилог 2 од Годишниот план за спречување на корупцијата.

Прирачникот ги утврди одговорностите на вработените и/или ангажираните лица и другите лица поврзани со работата и активностите на Факултетот во спроведување на мерките за спречување на мито и корупција. Во Прирачникот се дадени дефинициите за корупција и судир на интереси (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 12/2019).

Одговорното лице за спречување на корупција има одговорност да обезбеди свесност на вработените и ангажираните лица, и да се погрижи тие да ги разбираат Политиката за спречување на корупција и Прирачникот.

Факултетот има обврска да ги идентификува можните ризици за мито и корупција. По спроведената проценка на ризик од страна на Факултетот, идентификувани се посебни ризици за деловните активности на Факултетот, а кои би се поврзале со мито и корупција, следствено на наведеното, а со цел ублажување на ризиците, Факултетот развива низа чекори кои се предвидени во Годишниот план за спречување на корупција. Овие чекори, меѓу другото, вклучуваат комуникација и обука за Политиката на Факултетот и овој Прирачник. Процесот на проценката на ризиците за мито и корупција се состојат во четири дела (фази), и тоа:

– идентификување на можните ризици за корупција;
– давање на оцена на ризикот;
– дефинирање на одговорни лица;
– мерки за нивното отстранување.

Листата на таканаречени „црвени знамиња“ кои укажуваат на мито и корупција се наведени во Анексот на Прирачникот, и тие предупредуваат на ризици кои можат да се појават за време на работните задачи на вработените и ангажираните лица, а кои може да предизвикаат загриженост (согласно со применливата регулатива поврзана со мито и корупција).

Во согласност со наведеното, доколку некои од вработените лица се соочат, односно препознаат некои од „црвените знамиња“ како потенцијал за ризик, треба веднаш да пријават кај нивниот раководител или одговорното лице за спречување на корупција.

Дополнително, како начин на пријавување може да се користи и Формуларот за жалби до Факултетот (објавен на веб-страницата на Факултетот), како и механизмите согласно со Законот за укажувачи.

**Свесност и информираност**

За подигање на свеста и оспособувањето на вработените и ангажираните лица на Факултетот планирани се обуки ( мин. 1), на кои тие ќе се запознаат со Политиката за борба против корупција и Прирачникот.

Обуките ќе помогнат вработените и ангажираните лица да ја подигнат својата свесност за спречување, откривање и пријавување на мито и други форми на корупција, да станат свесни за одговорноста на сите вработени и поврзани лица со Факултетот и да избегнат каква било активност која може да предизвика непочитување на Политиката за спречување на корупција. Лицата кои нема да ја

почитуваат Политиката за спречување на корупција, како и одредбите од Прирачникот, ќе се соочат со дисциплинска постапка.

**Финансиски контроли**

Факултетот спроведува, но согласно со Годишниот план за спречување на корупција, ќе ја засили внатрешната контрола согласно со законската регулатива во која ги обезбедува доказите за извршените плаќања кон сите заинтересирани страни. Исто така, ќе води комплетна финансиска евиденција, што е опишана во:

- Одлука за автономијата и флексибилноста во финансирањето на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје
- Методологија за утврдување на цените на стручните анализи и услугите на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје
- Процедура за начинот на користење и располагање со парични средства во благајна
- Процедура за мали јавни набавки
- Процедура за набавка на стоки и услуги
- Процедура за правото на користење на службен мобилен телефон
- Процедура за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката
- Процедура за користење на средства за репрезентација
- Процедура за користење на угостителски услуги
- Процедура за користење и одржување на службените возила
- Процедура за користење на Верна картици
- Процедура за користење на службено возило комби (8+1) за превоз на лица
- Процедура за постапување со примена на финансиска документација.

Факултетот во своето работење врши финансиска контрола со која доколку се утврди несоодветност во работењето, доколку се поднесени сметки за несоодветни вредности на основните трошоци или, пак, се работи за фиктивни трошоци, се известува одговорното лице за спречување на корупција и се покренува дисциплинска постапка против вработениот.

**Нефинансиски контроли**

Факултетот во делот на јавни набавки се води по урнекот на тендерската документација која се користи од Бирото за јавни набавки. Во делот спречување на судир на интереси е дефиниран начинот на кои организациите што спроведуваат јавни набавки постапуваат за да се спречи тој судир, според одредбите од Законот за јавните набавки од Сл. весник бр. 24/2019, член 37 и член 38 за спречување на судир на интереси, како и Законот за спречување на корупција и судир на интереси од Сл. весник бр. 12/2019.

**Имплементација на антикорупциски контроли преку контролни организации**

Факултетот има надворешни контроли – Државен завод за ревизија на Република Северна Македонија кои вршат мониторинг на работите на Факултетот.

По потреба, ќе се ангажира независна ревизиска куќа преку системот на јавни набавки.

**Залагање против корупција**

Факултетот обезбедува заштита на вработените и заинтересираните лица од штетен третман (отпуштање, дисциплинска постапка, закани или друг неповолен третман поврзан со пријавување на сомнеж), како резултат на одбивање да учествуваат во мито или корупција, при сомнеж дека е случено вистинско или потенцијално дело на корупција или мито, или тоа може да се случи во иднина. Факултетот се залага за поттикнување на отвореност и транспарентност во работењето и истовремено поддржува добра намера за изразување на загриженост согласно со Политиката за спречување на корупција на Факултетот.

**Подароци, гостопримство, донации и слични поволности**

Политиката за спречување на корупција на Факултетот не забранува нормално и соодветно гостопримство (дадено и примено) на или од трети лица. Првиот основ во врска со оваа проблематика е дефинирана во член 58 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси. Факултетот може да дава донации или спонзорства за едукативни и научноистражувачки дејности. Секоја донација е претходно одобрена од страна на Деканатската управа на Факултетот, а согласно со Политиката и применливата законска регулатива.

**Управување со несоодветност на контролите против корупција**

Вработените и поврзаните лица со Факултетот се одговорни за спречување, откривање и пријавување на мито и други форми на корупција. Раководството има целосна одговорност да обезбеди усогласеност на Политиката за спречување на корупција на Факултетот и Прирачникот.

Органите на управување на Факултетот вршат надзор врз работењето и при спроведување на активностите за спречување на корупција.

**Истражување и справување со корупција**

Сите заинтересирани страни имаат можност да пријават загриженост за прашања или сомневања поврзани со несоодветна постапка во најрана можна фаза. На веб-страницата на Факултетот има форма за поднесување на жалби и поплаки поврзани со работата на Факултетот и квалитетот на услугите и процесите, професионалниот однос на сите лица кои се ангажирани од Факултетот (вклучително и надворешни соработници на Факултетот), како и пријави на сомнеж на мито и корупција.

Преку воведување на овој систем, Факултетот е во корелација со светските пракси за транспарентно и соодветно постапување при добиени коментари (поплаки), со што и степенот на транспарентност е уште поголем. Од друга страна, евиденција и чување на база за примени поплаки во иднина ќе се користи како основ за промена на одредени процеси и подобрување на имиџот на Факултетот преку зголемување на професионалноста во работата и транспарентноста.

На Факултетот ќе се формира Комисија за постапување по жалби и поплаки поднесени до Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

За кои било прашања за кои вработениот не е сигурен дали одредено дело претставува мито или корупција, може да го извести одговорното лице за спречување на корупција.

Целта на Факултетот е да ја поттикне отвореноста и во исто време да го поддржи секој што со добра намера изразува загриженост согласно со политиките на Факултетот. Доколку вработениот верува дека претрпел каков било штетен третман (отпуштање, дисциплинска постапка, закани или друг неповолен третман поврзан со пријавување на сомнеж), веднаш треба да го извести одговорното лице за спречување на корупција, а доколку третманот не е поправен, може да се поднесе формална поплака од одговорното лице за заштитено внатрешно пријавување на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, кој е објавен на официјалната веб-страница на Факултетот.

Меѓу граѓаните постои широко распространета перцепција за селективно владеење на правото. Оваа перцепција се должи како на личните, така и на пренесените искуства од општеството во целина.

Факултетот се труди да го подигне нивото на свест најнапред кај вработените, а потоа и да ја смени сликата кај граѓаните во однос на корупцијата.

Факултетот останува транспарентен и отворен за одговор на сите прашања и дилеми кои се поставуваат во јавноста, и тоа: записи за перформанси на квалитет и спречување на корупција, ефективност на преземените мерки за ризици, можности и нови потенцијални можности за континуирано подобрување.

Факултетот и во иднина ќе остане посветен на борбата против корупцијата, разгледувајќи ги можностите и преземајќи конкретни мерки за континуирано подобрување, приспособено на потребите за промените во системот.

**Завршни одредби**

Овој годишен план влегува во сила од денот на донесување.

Тој ќе се објави на интернет-страницата на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Лазо Пендовски, с.р.**

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), член 62, став 1, точка 13 од Статутот на Факултетот за ветеринарана медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година) и Предлог-одлуката на Деканатската управа бр. 0201-1212/5 од 9.9.2021 година, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 14.9.2021 година, го донесе следниов

## ПРАВИЛНИК
## за избегнување на судир на интереси на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат мерките и активностите за избегнување на судирот на интереси на работата и кај вработените во сите внатрешни организациони единици (институти, катедри, лаборатории, центри, Универзитетска ветеринарна болница, Библиотека, Стручна и административна служба и др.) на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот).

**Член 2**

Целта на Правилникот е препознавање и дефинирање на разликите меѓу различните судири на интереси заради нивно идентификување, со цел одредување на соодветен пристап при управувањето и да се избегне лошо управуван видлив судир на интереси кој може да биде штетен исто како и лошо управуван вистински судир на интереси.

**Поимник и дефиниции**

**Член 3**

Значењето на изразите од поимникот и дефинициите од овој Правилник се однесуваат за:

„Судир на интереси" е состојба во која лице вработено на Факултетот има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасноста при извршувањето на неговите задачи, овластувања и службени и професионални должности.

„Семејство" е брачен другар, вонбрачен другар, деца, родители, браќа и сестри и други роднини со кои вработен живее во заедничко домаќинство.

„Блиски лица" се лица во брачна или вонбрачна заедница со вработен на факултетот, роднини по крв во права линија и странична линија до четврти степен, роднини по сватовски до втор степен, како и секое физичко лице или правно лице со кое вработениот има финансиски интерес.

„Корист" е остварување на некој вид материјална или нематеријална придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

„Интегритет" е законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите со кои вработените го чуваат својот углед и угледот на Факултетот во кој се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој и со тоа се обезбедува доверба кај клиентите и надлежните органи.

„Овластено лице" е вработен на Факултетот на кој му се дадени специфични овластувања во процесот на прием, ракување и анализирање на примероци, како и овластувања во контрола на валидноста на